# Е-ИНФО 49

СЕЛЕКТИРАЈ
И ДОБИВАЈ




**За секоја селектирана амбалажа добиваш**

**1 ЗЕЛЕН ПОЕН**

Поените можеш да ги користиш за купување производи од продажните маркети.

Преземи ја апликацијата Pakomak Ekomak со скенирање на овој QR код и регистрирај се

App Store | Google Play

## АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ЗА ПЕРИОД
## ЈАНУАРИ, ФЕВРУАРИ И МАРТ 2024 ГОДИНА

ПАКОМАК СЕЛЕКТИРАЈ ИДНИНА® | PRO Europe

# ПАКОМАК СЕЛЕКТИРАЈ ИДНИНА




## 1 ШВАЈЦАРИЈА И „ПАКОМАК“ ЗАЕДНИЧКИ ИНВЕСТИРАА ВО ПОДОБРА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СЕЛЕКТИРАЊЕ АМБАЛАЖЕН ОТПАД

„Пакомак“ во партнерство со швајцарската амбасада во нашата земја ја модернизираат инфраструктурата неопходна за селектирање на амбалажниот отпад. За таа цел беа набавени два нови камиони опремени со најсовремена технологија кои ќе помогнат за побрзо празнење на амбалажниот отпад: стакло, пластика, метал и хартија кој што се одлага во препознатливите зелени, жолти и сини игло контејнери.

Во рамки на овој проект беше направена и пуштена во употреба онлајн мапа каде граѓаните имаат можност да пронајдат ИГЛО контејнер. Мапата е достапна на следниов линк: https://app.maps.pakomak.mk:7443/. На оваа мапа сите заинтересирани може да се информираат каде најблиску можат да го одложат селектираниот отпад.

# 2

## ПОТПИШАН МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ОПШТИНА ЦЕНТАР

Со цел интензивирање на селекцијата на отпад во основните училишта на територијата на општина Центар, како и подигање на јавната свест кај најмладите за паметно управување со отпадот, поставена е повратна вендинг машина во ОУ „Ј. Х. Песталоци", а „Пакомак" за секое шише или лименка што учениците ќе го одложат донира по 2 денари, односно еден денар за талентираните ученици и уште еден денар за набавка на реквизити за училиштето.

Покрај ова, во потпишаниот меморандум за соработка со општина Центар, предвидено е организирање на едукативни еко часови на кои децата од основните училишта ќе се запознаваат со придобивките од селектирањето и рециклирањето на отпадот и како истото се спроведува.

На денот на пуштањето на повратната вендинг машина во употреба, во дворот на училиштето беа засадени и дрвца со цел разубавување и раззеленување на просторот.






# 3

## ПРОДОЛЖИ ПРОМОЦИЈАТА НА „ЛАДНА" ВОДА СО ПОВРАТНИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ

На почетокот од 2024 години продолжи акцијата на „Пакомак" и водата „Ладна" со која за секое селектирано шише „Ладна" и „Ладна" функционални води во повратните вендинг машини корисниците добиваа 4 „зелени поени" на мобилната „Екомак" апликација кои может да ги искористат во форма на вредносни ваучери во селектирани маркети. Акцијата беше споделувана на социјалните медиуми на „Пакомак" и „Ладна".

TRASH4ART 2024
















4

# ОДРЖАН УМЕТНИЧКИОТ КОНКУРС TRASH4ART 2024

По 13-ти пат „Пакомак" го организираше традиционалниот уметнички конкурс „Trash for art" кој има за цел да се мотивираат граѓаните да делуваат креативно и да создаваат уметнички дела од амбалажен отпад, но и да се подигне јавната свест за паметно управување, селектирање и рециклирање на отпадот.

Под мотото „Истражи ја креативноста – од отпад до уметничко дело", со овој конкурс докажавме дека креативноста е најсилната алатка во подигањето на свеста за управувањето со отпад и поттикнувањето на општествената одговорност.

Беа доделени награди во категориите: градинки, основни училишта и поединци. Дополнително за делата направени само со електронски отпад следуваше специјална награда од „Нула Отпад", додека за делата изработени од амбалажен отпад на „Прилепска Пиварница" беше доделена специјална награда од компанијата.



## 5 ПРОДОЛЖУВА ПРОЕКТОТ СО ШВАЈЦАРСКА АМБАСАДА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ВЕНДИНГ МАШИНИ

И во првиот квартал од 2024 година продолжи соработката со швајцарската амбасада на проектот за реализација на паметен систем за управување отпад од пакување со кој беа поставени нови повратни вендинг машини и тоа:

- 13 во Скопје во маркетите „Стокомак", „Веро", „Рамсторе", Тинекс" и „Зур".
- 2 во Прилеп во маркетите на „Футура"
- 3 во Битола во маркетите „Тинекс", „Веро" и „Стокомак"
- 2 во Куманово во „Елида маркети"






## 6 ПРОГЛАСУВАЊЕ НА НАЈЕКОЛОШКА ОПШТИНА

Општина Берово е прогласена за најеко општина за 2023 година. Ова признание не само што ја одразува посветеноста на локалната заедница кон подобрување на животната средина, туку треба да служи и како инспирација за сите останати општини. Како најеколошка општина, Берово доби награда детско игралиште со 5 елементи. Второпласираната општина - Крива Паланка доби награда детско игралиште со 4 елементи, а третопласираната Струмица доби садници.

Критериумите по кои што се оценуваа општините се однесуваа на инвестиции во систем за третман и селекција на отпад, засадување на нови дрвја и нови зелени површини, реализација на проекти во областа на енергетската ефикасност како и висината на буџетот за екологија според бројот на жители на општината.

# 7

## ЕКО ПОРАКИ НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД „ПОДРАВКА“

Заедно со „Подравка“ беа поставени рекламни материјали со еко пораки на нивните производи со стаклена амбалажа во маркетите на „Веро“. Сите купувачи беа повикани после користењето на производот, стаклената амбалажа да ја одложат во зелените игло контејнери на „Пакомак“.







# 8

## ЕКО МАСКЕНБАЛ ВО „РАМСТОР“

Во месец Март, „Пакомак“ го најави ЕКО маскенбалот во „Рамстор Мол“ во организација со „Шпаркасе Банка“, настан кој има за цел да промовира креативност, едукација и еколошка свест меѓу учесниците.

Целта на ЕКО Маскенбалот беше да ги поттикне учесниците на креативно размислување за заштита на животната средина и да ја истакне важноста на употребата на рециклирани материјали.

На овој традиционален настан, право на учество имаа деца на возраст од 3 до 14 години, создавајќи едукативни и креативни маски од рециклирани материјали, како што се пластика, хартија и слично.

9

## ПОСТАВУВАЊЕ НА КАФЕЗ МАГАЦИН ЗА МАРКЕТИ ЗА ПВМ

Со цел чување на кесите со собрани селектирани пластични шишиња и лименки од повратните вендинг машини, беше поставен брендиран кафез во непосредна близина на „Тинекс“ маркетот во „Лиса центар“.

10

## ПРОМОЦИЈА НА „ГОРСКА“ ВОДА СО ПОВРАТНИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ

Цел месец март, со секое селектирано шише „Горска“ вода и „Горска Плус“ во повратните вендинг машини на „Пакомак“, корисниците добиваа 4 „зелени поени“ на мобилната „Екомак“ апликација. Собраните поени можат да ги искористат како вредносни ваучери за пазарење во маркетите. Оваа промоцијата беше комуницирана и рекламирана и на социјалните медиуми.











# 11 ИНФОРМАТИВНИ ТЕКСТОВИ

„Пакомак“ објави повеќе информативни рекламни текстови во македонските медиуми со кои се промовираше соработката со Општина Центар, соработката со швајцарската амбасада како и објавувањето и прогласувањето на победниците од уметничкиот конкурс „Trash for art“.

